Кочо СИДОВСКИ

# ИТАЛИЈА И ПРАШАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ РЕФОРМИ ВО МАКЕДОНИЈА

Илинденското востание ги изненадило и вознемирило големите империјалистички држави и владеачките кругови во балканските држави. Во околности кои се заканувале да го нарушат статус-квото во Османлиската Империја, кај некои големи сили созревала мислата од корисноста на нови реформи, притоа не толку коренити и не такви што би биле во расчекор со нивните интереси. Такви биле и Мирцштегските реформи од 1903 година.

Главен акцент во реформната програма донесена во Мирцштег претставува именувањето на двајца европски соработници на Хилми-паша и странски генерал како началник што ќе се грижи за реорганизација на турската жандармерија. На австро-руските предлози за реформната акција, италијанската влада ја дала својата поддршка.

Италија имала значително влијание во реорганизирањето на македонската жандармерија. Но таа покажала значително интересирање и кон прашањето за финансиските реформи во Османлиската Империја односно Македонија.

Прашањето за финансиските реформи било поставено кон крајот на 1904 година од страна на Велика Британија. Истото веднаш почнало да се усложнува. Австро-рускиот договор за реформите ја имал предвид исклучивата интервенција и контрола на Австро-Унгарија и на Русија. Италија тогаш формално за првпат побарала учество на сите сили во финансиската контрола, дотолку повеќе што Османлиската влада истовремено побарала од Силите зголемување од 8% на 11% на таксата од вредноста на стоките што се внесувале поради пополнување на дефицитот предизвикан од примената на реформите. Италијанската влада ја условила својата согласност со колективноста на контролата. Во Ед-Мемоарот, доставен од италијанската влада на амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија во Рим, на 3 март 1905 година, се зборувало за тоа дека амбасадорот на Австро-Унгарија и отправникот на работите

на Русија му доставиле на министерот за надворешни работи на Италија идентичен меморандум во кој се зборувало за предлозите на двете влади во однос на барањето на Високата Порта за зголемување на царинските такси.

Италијанската влада во принцип не била против бараното зголемување, но само по проучување на условите на кои зголемувањето би требало да им биде подредено и откако за нив би се произнеле и другите сили.

Италијанската влада се согласувала секако, во принцип, со условите бр. 2 и 3 сугерирани од Русија и Австро-Унгарија,[1] односно еден дел од новите приходи да биде наменет за Македонија, а во оваа прилика би се извршила и ревизија на царинските правилници во Империјата.

Но условите од точката 1 не биле доволно јасни, особено во однос на зголемувањето на царинските такси од страна на Високата Порта, напоредно со притисокот за прифаќање од Турција на финансискиот правилник изработен од Австро-Унгарија и од Русија, порано презентиран за Македонија.[2]

Во продолжение на меморандумот на италијанската влада се вели дека таа внимателно го проучувала овој проект, како од техничка така и од политичка гледна точка. Од техничка гледна точка реформата на финансиската администрација во Македонија била ургентна потреба и било природно што кралската влада била готова со задоволство да ги прифати сите мерки кои би придонеле за подобрување на ситуацијата, а во врска со одлучувањето за предлозите на двата кабинети италијанската влада ќе побарала попрецизни информации од своите конзули кои биле на самото место и во можност да ја согледаат ситуацијата на теренот. Од политичка гледна точка италијанската влада била заинтересирана да се разјасни значењето на фразата заинтересирани сили, во прв ред таа се согласувала сите сили да се ангажираат во спроведувањето на финансиската администрација во Македонија; а ако под заинтересираните сили се подразбирале само Австро-Унгарија и Русија, тогаш оваа концепција не би била прифатлива за кралската влада.[3]

1) Во меморандумот доставен до владите на двете земји на 1 март 1905 година под точката 2 се велело дека Османлиската влада приходите добиени со зголемувањето на царинските такси ќе ги употреби за регуларно функционирање на локалните институции во Македонија и за помош на настраданото христијанско население; а под точката 3 се истакнувало дека османлиската влада ќе се ангажира без задоцнување на ревизија на османлискиот царински правилник со цел да се подобрат некои одредби барани од силите како неопходни за интересите на надворешната трговија. Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano dal Ministro degli Affari Esteri (Di san Giuliano), Macedonia Roma, 1906 legisl. XXII, sess. 1904-906, 61. Roma 1. III. 1905.

2) Во точката 1 од меморандумот од 1 март 1905 година се велело дека проектот на финансискиот правилник кој бил доставен на Високата Порта од амбасадорите на Австро-Унгарија и на Русија на 4/17 минатиот јануари, со кој биле запознати и претставниците на другите сили, ќе биде прифатен од Портата.

3) Id., 282. Roma, 3. III 1905.

Исто така, од италијанска страна се забележувало дека австро-руските предлози кои ќе ѝ се соопштеле на Високата Порта во врска со нејзиното барање за зголемување на царинските такси би требало да ја имаат согласноста на другите сили, за да не забележела Портата дека постои несогласување меѓу силите во врска со ова прашање, а со тоа би се зголемил и нејзиниот отпор спрема овие предлози. Оваа забелешка имала уште поголема важност со оглед на тоа што прашањето за зголемување на царинските такси било во врска со програмата од Мирцштег и дека несогласувањето меѓу силите не би било предизвикано од некои причини од суштински карактер.[4]

Во врска со одговорот на италијанската влада на австро-рускиот меморандум од 3 март 1905 година за финансиската реформа во Македонија, италијанскиот амбасадор во Петроград бил известен од страна на италијанското министерство за надворешни работи дека, кога се поставило прашањето за фразата заинтересирани сили во меморандумот, руската влада изјавила дека со изразот навистина се алудирало на Русија и Австро-Унгарија. Но истовремено со тоа се немало намера потполно да се одречува дека, исто така, и другите сили немале интерес за разрешувањето на прашањата кои се однесувале на Македонија. Имено, намерата била само да се нагласи посебната положба дадена на Русија и на Австро-Унгарија со програмата од Мирцштег, а со согласност на другите држави.

Меѓутоа, со ваквиот одговор на руската влада, даден со посредство на рускиот амбасадор во Рим Крупенски, италијанската влада не била задоволна. Всушност, не станувало збор за признавање, во принцип, дека имало други сили освен Австро-Унгарија и Русија што исто така биле заинтересирани за македонското прашање, туку станувало збор да се даде согласност за нова привилегирана положба која Русија и Австро-Унгарија си ја присвојувале во така суштествена материја како онаа за администрацијата на финансиите во трите македонски вилаети. Вистина било и тоа дека Мирцштегската програма била прифатена од сите сили, и дека во неа се зборувало, исто така, за финансиската администрација. Меѓутоа, самото тоа не подразбирало дека силите однапред имале прифатено било каква мерка, која во редот на истата финансиска администрација, била замислена од Русија и Австро-Унгарија, особено што со тоа за двете сили се создавала посебна и привилегирана положба. Во дописот до амбасадорот, исто така, било истакнато дека подобро би било двете сили, пред да ѝ го соопштаат на Високата Порта познатиот правилник, истиот да им го презентираат на другите сили, за да се спречи

4) Id.

несогласноста на мислењата, од што корист би имала само Империјата, би штетела на општата цел, онаа зацртана со реформите; и оваа забелешка изгледала толку пооправдана, дотолку што, како што можело да се забележи, финансискиот правилник наидувал на спротиставување и на друго место.[5]

Од друга страна, Високата Порта се опирала на ангажирањето на големите сили во финансиската реформа во Македонија, така што со нота од 5 март 1905 година им предложила нов финансиски правилник кој, сепак, не содржел ни најмало известување за начинот на контролата, прашање кое го сочинувало основниот дух на австро-руския правилник.[6] И покрај тоа, италијанската влада сериозно се зафатила со проучувањето на финансискиот правилник за Македонија изработен од Високата Порта заедно со Отоманската банка.[7]

По критиките упатени на австро-руската финансиска програма, владите на двете земји се согласиле на нејзина извесна модификација, Така, функционерот на руското министерство за надворешни работи Хартвиг му изјавил на италијанскиот амбасадор во Петроград Мелегари дека се подготвувала преработка на оваа програма, така што на сите сили ќе им биде осигурана контролата во финансиската администрација. Велика Британија имала предложено наименување на еден странски генерал контролор кој, речиси, би ја имал истата позиција што во тој момент ја имал генералот Де Џорџис. Меѓутоа, се чинело дека во Петроград повеќе биле наклонети секоја сила да има сопствен агент контролор. Сепак се очекувало и овој проект да наиде на извесни тешкотии.[8]

Италијанската влада за своите погледи околу австро-руската финансиска програма нашла поддршка, како и во врска со другите прашања, кај англиската влада.[9]

По енергичниот притисок на другите сили грофот Глуховски во врска со прашањето на финансиските реформи во Македонија направил отстапки од неговите поранешни гледишта. Тие отстапки се состоеле во тоа што најпосле прифатил другите сили во спроведувањето на овие реформи да бидат застапени со посредство на свои делегати, чии надлежности не би требало да се совпаѓаат со оние што веќе им биле доделени на цивилните агенти.[10]

Споменатиот Глуховски ја условувал својата согласност со следното: акцијата на овие делегати да се ограничува на финансиската

5) Id., 284. Roma, 6. III 1905.

6) Giovanni Amadori - Virgilj, La Questione Rumeliota (Macedonia, Vecchia, Serbia, Albania, Epiro) e la politica Italiana, Volume primo. - Bitonto 1908, 405.

7) Documenti diplomatici, op. cit., 293, Roma, 22. III 1905.

8) Id., 294. Pietroburgo, 25. III 1904.

9) Id., 294. Londra, 22. III 1905.

10. Id., 297. Vienna, 8. IV. 1905

контрола, без ингеренции во другите должности кои им припаѓале на цивилните агенти. Ова на италијанскиот амбасадор во Лондон Панса му го рекол англискиот државен секретар за надворешни работи, маркизот Ленсдаун.[11]

По долготрајни преговори на заинтересираните страни бил прифатен нацртот на отоманскиот проект на финансискиот правилник за Македонија од 5 март 1905 година, но со тоа што во него да се додаде еден дополнителен член. Со членот се предвидувало секоја од четирите влади да наименува по еден финансиски делегат кој ќе дејствувал заедно со генералниот инспектор и со австроунгарскиот и рускиот цивилен агент чии надлежности биле определени со Мирцштегската програма.

Дефинитивниот текст на правилникот кој би бил упатен до Високата Порта требало да се продискутира на амбасадорската конференција на претставниците на големите сили во Цариград. Италијанскиот амбасадор Империали, во својот извештај од 27 април 1905 година ѝ предлагал на својата влада да го прифати дополнително предложениот член.[12] Со својата телеграма од 3 мај истата година министерот за надворешни работи Титони го овластил италијанскиот амбасадор во Цариград да го прифати дополнителниот член на отоманскиот финансиски правилник за Македонија во кој се предвидувало кој и на каков начин ќе ја вршел финансиската контрола.[13]

На 4 мај 1905 година била постигната согласност помеѓу амбасадорите на шесте сили за дополнителниот член кој би му се додал на отоманскиот проект на финансискиот правилник за Македонија. По ова било решено да ѝ се испрати нота на Високата Порта со која ќе ѝ се соопштела усогласената точка, одредена да го комплетира отоманскиот проект на финансискиот правилник. Нотата нема да го споменувала барањето за царинското зголемување од 3 проценти.

Меѓу амбасадорите било усогласено дека делегатите ќе требало да бидат плаќани од односните влади. Шесте сили ќе ги поделат меѓусебе и трошоците на тројцата инспектори. За оваа точка едногласноста меѓу амбасадорите била целосна, бидејќи тие биле убедени за неодложната потреба од мерките, било за да не се влоши буџетот, било заради гарантирање независност на гореспоменатите функционери.[14] А на 8 мај, Империали го известил министерот за надворешни работи Титони дека: "Денес сите ја потпишавме колективната нота за финансискиот правилник на Македонија. Нота исто така денес ќе ѝ биде испратена на Високата Порта".[15]

---

11) Id., 298. Londra, 12. IV 1905.
12) Id., 304. Pera, 27. IV. 1905.
13) Id., 306. Roma, 3. V. 1905.
14) Id., 307. Pera, 5. V. 1905
15) Id., 308. Pera, 8. V. 1905.

Високата Порта во првиот момент одбила да го прифати дополнителниот член за финансиската контрола, изјавувајќи дека со него се имало намера да се ослабне нејзиниот суверенитет. Таа презела чекори да ја добие поддршката од германската влада во врска со ова прашање, но ѝ било дадено на знаење дека Германија наполно била согласна со другите сили околу таквите мерки за финансиска контрола, притоа ѝ советувала Портата да ја даде својата согласност.[16]

Ваквиот исход на резултатот во врска со прашањето за финансиската реформа во Македонија во италијанската јавност бил оценет како дипломатски успех на италијанската надворешна политика. Тоа се воочува во говорот што на 13 мај 1905 година го одржал министерот за надворешни работи Титони во Народното собрание. Со овој говор била потврдена и формулата на европскиот концерт за учество на сите големи сили во извршувањето на реформите во Македонија. Постигнатите победи на дипломатски план според Титони покажуваат дека во дадениот момент во финансиската реформа, како понапред и во онаа на жандармеријата, Италија имала ефикасен придонес да се одржи морално-политичката рамнотежа помеѓу сите големи сили.[17]

Оваа рамнотежа се одржувала во текот на целата 1905 и 1906 година од страна на европскиот концерт. Тешките проблеми на општата политика кои ја разбранувале Европа, потоа отпорот на Османлиската Империја на финансиската контрола, го оддржале без промени единството во европскиот концерт за Истокот, сè до крајот на 1906 година. Новите македонски проблеми не барале нов меѓународен дипломатски состав.

Високата Порта, по поморската демонстрација извршена од флотата на големите сили кон крајот на ноември 1905 година, конечно се согласила со востановувањето финансиска комисија во Македонија. Иако нејзиното барање од 5 март 1905 година упатено до големите сили за нивна согласност околу зголемувањето на увозните такси за 3%, т.е. од 8% на 11% било одбиено, Високата Порта, повикувајќи се на крајно тешката финансиска положба во трите македонски вилаети, одново побарала дозвола да ги зголеми увозните такси.

Формираната финансиска комисија наскоро повторно открила значителен дефицит во македонскиот буџет кој не било можно да се покрие без прибегнување кон определени неодложни мерки.

Отстапувајќи пред барањето на Османлиската Империја, сепак, државите ѝ најавиле редица барања. Согласноста на државите на 3-

16) Id., 308, Vienna, 16. V. 1905.

17) UN ITALIANO (Giovanni Amadori Virgilj), La politica estera Italiana 1875 - 1916. Bitonto 1916, 624.

процентното зголемување на таксите било условено со: 1) повторно разгледување на правилата кои се однесувале на хемиската анализа на некои странски стоки кај турските царинарници и 2) добро уредување на самите царинарници. Исто така било поставено и прашањето за прибирањето и трошењето на царинските приходи.[18]

На 25 февруари 1906 година на советувањето на пратениците на европските држави во Цариград, рускиот пратеник Зиновјев предложил целиот приход од зголемувањето на царинските такси да биде наменет за покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети. По кратко претресување пратениците се согласиле и ги прифатиле предлозите на Зиновјев.

Сепак, претставниците на државите се колебале да ѝ одговорат на Високата Порта, продолжувајќи да се советуваат и да ги претресуваат условите за зголемување на таксите. На крајот, на 3 мај 1906 година, тие се согласиле на зголемување на турската увозна такса под следните услови: ограничување на рокот на собирање на зголемените такси на 7 години, исполнување од Портата на првобитните барања на пратениците и полна гаранција дека делот од доходот што ѝ припаѓал на Империјата од зголемувањето на царинските такси ќе биде наполно употребен за покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети.[19]

На 14 мај во Цариград се одржало ново советување на пратениците на кое бил изработен колективен одговор на Високата Порта врз основа на условите прифатени на 3 мај. Треба да се каже дека предлогот на Зиновјев за отстапувањето на целиот приход од царинските такси за потребите на Македонија бил променет и на македонските вилаети, како што се велело во проектот на нотата на пратениците, им се отстапувал само дел од овие приходи.

На 28 мај 1906 година европските држави ѝ упатиле на Високата Порта колективна нота со образложение на условите под кои односните држави се согласувале да го санкционираат 3-процентното зголемување на царинските такси на седумгодишен рок. Најважните од тие услови биле: 1) реорганизација на турската царинарница и воведување на правилата на применување на хемиска анализа на царинарниците; 2) промена на турскиот закон за рударството; 3)вистинска гаранција дека нараснатиот царински приход ќе оди на покривање на дефицитот во буџетот на македонските вилаети и дека, покрај тоа, 25% од средствата од дополнителните такси ќе влезат во Управата на отоманскиот државен долг.[20]

---

18) И.С. Галкин, Дипломатия европеиских держав в связы с освободительным движением народов Европеиской Турции. 1905 - 1912 г. Москва, 1960.

19) Id.

20) Id. 204.

Одговорот на Високата Порта, добиен на 21 јуни 1906 година не ги задоволил државите. Во нотата на Портата се заобиколувало прашањето за границите околу искористувањето на дополнителниот царински приход за покривањето на дефицитот на македонскиот буџет; Високата Порта само соопштувала дека таа ќе се грижи да го покрива дефицитот, доколку тоа биде можно, од својот дел (75%) од зголемувањето на приходот".

Високата Порта, исто така, приговарала против ограничувањето на рокот на дејствувањето на договорот за седум години, предлагајќи да не се укинува овој дополнителен царински приход сè додека од страна на односните држави не биде склучен нов трговски договор со Империјата.

Имајќи ја предвид изразената желба од страна на францускиот министер за надворешни работи Пишон - условите врз кои државите се согласиле да го допуштат зголемувањето на турската такса - да бидат во форма на документ, на одржаното советување на пратениците на 27 февруари 1907 година во Цариград (на советувањето зеле учество шест европски држави: Англија, Австро-Унгарија, Германија, Италија, Русија и Франција) францускиот пратеник Констанс им го претставил подготвениот проект на договорот.

Проектот ги вклучувал сите барања кои биле изработени од односните држави и прифатени од Портата уште во септември 1906 година, а исто така и редица нови услови за кои требало да се добие согласност.

Откако пратениците го претресле францускиот проект, станало извесно дека англиската влада повторно го ставила потпишувањето на овој договор во зависност од прифаќањето на Портата дека задржувањето со нејзиниот одговор на колективната нота на државите нив ги лишува од можноста да го прифатат конечното решение за зголемувањето на турските царински такси.

Прифатениот протокол од сите пратеници ѝ бил предложен на Портата која го потпишала на 25 април 1907 година. [21]

По долготрајните дискусии, на ваков начин било разрешено прашањето за финансиските реформи во Македонија. Но, како што забележал италијанскиот публицист Пелегрини, не било можно да се очекува успешност во работата и во ефикасноста на реформите, бидејќи иако било забележливо дека мнозинството на европските сили искрено го посакувале смирувањето на оваа земја, не би можело да се смета дека таквата желба била интимно чувство кај сите. Од друга страна, во една земја каква што била Македонија, каде што пропагандните борби биле

---

21) Id., 207 - 208.

жестоки, крвави и долготрајни, финансиските реформи кои не ја менувале суштината на општествено-економското уредување на Османлиската Империја, не можеле да имаат магичен ефект да ги смират вкоренетите омрази, особено кога османската правда била само илузија, своевиден подбив.[22]

Според споменатиот автор, сите мерки што дотогаш ги преземале турските власти почнувајќи од Гилханскиот хатишериф од 1839 година, потоа со Хатихумајунот прогласен од Султанот во 1856 година и чл. 23 од Берлинскиот договор каде што биле нагласени мерките што требала да ги преземе Империјата за подобрување на положбата на месното население во европскиот дел на Турција, не довеле до никаков резултат. Таквите преседани го зголемувале скептицизмот и во однос на прашањето на финансиските реформи кои се спроведувале во Македонија. Тие биле повеќе од недоволни и особено мизерни за Македонија. Условите во последната не би можеле да се променат сè додека генералниот инспектор ѝ бил поданик на Високата Порта.[23]

*

* *

Покрај кон прашањето за реорганизација на македонската жандармерија, Италија покажала значително интересирање и кон прашањето за финансиските реформи во Османлиската Империја односно во Македонија. Суштината на ова прашање се состоела во барањето на Османлиската влада упатено до силите за зголемување од 8% на 11% на таксата од вредноста на стоките што се внесувале поради пополнување на дефицитот предизвикан од примената на реформите. Италијанската влада ја условила својата согласност со колективноста на контролата. Со нацртот на финансискиот правилник било предвидено секоја од четирите влади (Италија, Германија, Англија и Франција) да наименуваат по еден финансиски делегат кои ќе дејствувале заедно со генералниот инспектор и со австроунгарскиот и рускиот цивилен агент чии надлежности биле определени со Мирцштегската програма. По успешниот исход на резултатот во врска со прашањето за финансиската реформа во Македонија, тој во италијанската јавност бил оценет како дипломатски успех на италијанската надворешна политика. Треба да се каже дека правилникот за финансиската контрола во Македонија во наредниот период бил повеќепати дополнуван.

---

22) Battista Pallegrini, Verso la Guerra. Il Dissidio fra L'Italia e l'Austria. Seconda edizione. Roma 1907, 573.

23) Id., 576.

Kocio SIDOVSKI

## L'ITALIA E LA QUESTIONE DI RIFORME FINANZIARIE IN MACEDONIA

In periodo 1903 - 1909 L'Italia non s'interessava solo al riordinamento della gendarmeria macedone ma anche alla questione di riforme finanziarie nell' Impero Ottomano ovvero in Macedonia. Con la partecipazione nell'applicazione delle riforme di Mirzsteg, L'Italia ha guadagnato molto nel senso della realizzazione delle sue mete strategiche nella parte occidentale dei Balcani.